До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено Барање за мислење, со кое се бара мислење дали постои судир на интереси во ситуација кога лице како претставник на невладина организација  аплицира на конкурс за филмски фестивал, но не учествува во ниту една улога во проектите за продукција на филмови, сега лицето е ангажиран од страна на Агенцијата за филм како финансиски советник за проекти на конкурсите за продукција на филмови.

Во врска со поставеното прашање , Државната комисија  извести дека согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, **службеното лице** е должно да побара мислење од Државната комисија.“

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон:  „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Имено, како претставник на невладина организација лицето не подпаѓа под поимот службено лице, но сепак како финансиски советник, именуван од страна на директорот на Агенцијата за филм согласно член 24 став (1) од Законот за филмската дејност, Државната комисија  **укажува дека член 32 од истиот Закон, цитиран во продолжение, претставува обврзувачка правна норма што треба да се почитува од страна на финансиските советници и другите надворешни соработници во врска со учество на конкурс на Агенцијата и учеството во реализацијата на проекти кои добиле средства од Агенцијата.**

Член 32 од Законот за филмската дејност:
„(1) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.
(2) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во

Агенцијата се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања.
(3) Во случај на постоење судир на интереси се применува Законот за спречување на судир на интереси.“

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk